**Записник**

од четвртата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација,

одржана на ден 20.02.2019 година со почеток во 11:00 часот

во сала за состаноци на Кабинетот на МИОА

**Присутни:** Александар Бајдевски (МИОА – заменик министер – раководи со Секретаријатото за РЈА); Билјана Николовска Жагар (МИОА – заменик член); Лидија Цветановиќ (МбРКОТ - член); Ардита Дема Мехмети (ЗЕЛС – заменик член); Тања Стаменова (ГС – член); Елтон Зекири (ССРД – член); Татјана Трајковска (МФ – член); Снежана Наџаковска (СЗ – член); Маја Малјановска (МП – член); Пламен Георгиевски (МЛС – член); Мирјанка Алексевска (МТСП – член); Миланчо Успрцов (АА – член); Јулијана Караи (СЕП); Есма Адиловиќ Фазлиќ ( МИОА); Симона Манева (МИОА).

Четвртата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација започна со воведно обраќање од страна на заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски, кој воедно и раководи со Секретаријатот.

По обраќањето, Бајдевски на присутните членови им го соопшти Дневниот ред кој им беше доставен пред почетокот на седницата, присутните немаа забелешки по што се премина на расправа по точките од истиот.

**<u>Дневен ред:</u>**

1. Усвојување на Записникот од третата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, одржана на ден 16.11.2018 година (петок), во 14.00 часот.

2. Статус на реализација на активностите од III и IV квартал за 2018 година од Акцискиот план на СРЈА 2018 – 2022 година.

3. Подготовка на Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација.

4. Разно (прашања/предлози).

По **точката 1** од дневниот ред **Усвојување на Записникот од третата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, одржана на ден**

**16.11.2018 година**, заменик министерот за информатичко општество и администрација го претстави записникот од третиот состанок, по што присутните немаа забелешки, но побараа веднаш по завршување на состаноците да се доставуваат записниците до членовите и замениците членови на Секретаријатот за РЈА. Записникот од третата седница на Секретаријатот за РЈА беше едногласно усвоен.

По **точката 2** од дневниот ред **Статус на реализација на активностите од III и IV квартал за 2018 година од Акцискиот план на СРЈА 2018 – 2022 година**, Бајдевски праша до каде е реализацијата на активностите, кои требаше институциите да ги достават до денешниот ден, но бидејќи не се сите пристигнати, најдоцна до 22.02.2019 година (петок) да се достават до МИОА.

На работилницата за подготовка на годишниот извештај за спроведување на СРЈА одржана минатата недела, со поддршка на СИГМА, се заклучи рок за подготовка на Нацрт - првиот годишен извештај за 2018 година од Акцискиот план на Стратегијата за РЈА 2018-2022 година да биде 01.03.2019 година.

Членот од Генерален секретаријат на ВРСМ Тања Стаменова, извести дека ќе има пролонгирање на мерката 1.1.1 од Акцискиот план на СРЈА, бидејќи новиот Закон за буџети планирано е да биде донесен август или септември 2019 година, а токму оваа мерка е директно поврзана со носењето на овој закон.

Заменик министерот Александар Бајдевски посочи дека по донесувањето на Првиот годишен извештај за 2018 година ќе се подготви ревизија на Акцискиот план, затоа што многу работи не наоѓаат свое место, особено во четвртата област, има многу непотребни активности и она што МИОА како институција го прави (како на пример мерките и активностите за дигитализација), има ставено мерки кои ниту ги работиме ниту се остварливи. СЕП ќе сакаат опипливи примери, дали функционираат работите или не и дали има резултати по активностите.

Тања Стаменова од Генералниот секретаријат на ВРСМ праша дали ќе треба да се достави барање за ревизија на Акцискиот план, на што и беше одговорено од страна на Билјана Николовска Жагар дека по усвојувањето на Годишниот извештај ќе се пристапи кон ревизија на Акцискиот план но дека утврдените општа цел, посебни цели и мерките треба да останат исти, а промени се можни во активностите, особено тие за кои постоела објективна неможност за реализирање. Во тој контекст, таа посочи дека мерката 1.1.2 Подобрување на процесите и капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање во министерствата и другите органи на државна управа е целосно реализирана, додека за мерката 1.2.2 Воведување на механизми за градење на аналитичка основа во рамките на активноста 1.2.2.1 (Анализа на состојбите во однос на прибирањето, обработката и користењето на административни податоци

кои се продуцираат во текот на работата во органите на државната управа), предвидена за третиот квартал од 2018 година истакна дека имаат проблем. Побара појаснување во однос на тоа како е замислен тој систем за прибирање податоци, дали тоа треба да биде софтвер за прибирање, чување и обработка на податоци или да се даде конкретна насока како е замислено да се реализира оваа мерка.

Билјана Николовска Жагар објасни дека оваа мерка е потребна од причина што немаме постоечка база на административни податоци. Притоа, со заминување на вработен од администрација си заминува и цела организациска, односно административна меморија, бидејќи ниту се пренесуваат податоците, ниту постои утврдена процедура и обврска за тоа. Административните и статистичките податоци не ги складираме на едно место. По препорака од СИГМА треба да се направи административен простор, т.е. фолдер, во кој што ќе бидат јавно достапни сите документи што се поврзани со РЈА. Ова е алатка што треба да помогне во сите сфери (локална самоуправа, труд и социјална политика, образование  итн.). Исто така, Билјана Николовска Жагар спомена дека можеби ќе треба да се размислува за некаков софтвер, по модел преземен од добрите меѓународни практики, каде сите производи на администрацијата би биле на едно место. Во иста насока, Јулијана Караи од СЕП напомна дека не е доволно само воспоставување, туку треба континуирано полнење на базата со податоци, бидејќи по одредено време се занемарува истата.

Тања Стаменова од ГС истакна дека е неопходно да се преиспита потребата од институциите учеснички во оваа мерка и даде мислење дека Генерален Секретаријат или можеби МИОА треба да биде водечки орган.

Заменик министерот Бајдевски смета дека се потребни посебни состаноци со водечките и учесничките институции за мерките и активностите, со цел подобрена реализација.

Пламен Георгиевски од Министерство за локална самоуправа нагласи дека е задоцнето да се зборува сега за ова, бидејќи во Акцискиот план има црвени светла кои сигнализираат , сите да седнеме и да го погледнеме уште еднаш Акцискиот план, да се реагира на време и да се направат промените.

Бајдевски се согласува со кажаното и посочи на тоа дека се сведуваме само на правење стратегија, потребно е да се направи фолдер за СРЈА на веб страна, во кој ќе бидат содржани и резултатите (производите) од спроведувањето на активностите. Притоа, истакна дека стратешкото тригодишно планирање треба да се поврзе со буџетот, а Секретаријатот да работи континуирано. Тој, меѓу другото, истакна дека оваа Влада ја подобрила ефикасноста и ефективноста на нејзината работа бидејќи сега

нема многу нецелисходни точки на дневен ред и тоа претставува добра основа за анализа.

Тања Стаменова од ГС посочи дека мерката 1.3.3 Водич за државни секретари треба да ја поврзат со новиот Закон за висока раководна служба, а Бајдевски одговори дека има драфт верзија на овој закон која би можела да се поврзе со мерката.

Билјана Николовска Жагар истакна дека оваа мерка вклучува менување на Деловникот за работа на Владата  во однос на улогата на Генералниот колегиум на државни секретари и предложи да се направи средба со сите вклучени институции на која ќе се одлучи за понатамошниот тек на спроведување на оваа мерка.

Татјана Трајковска од МФ ја спомна мерката за ефикасност за дефинирање односно подготвување на предлог – акт со кој ќе се воведат стандардизираните трошоци, за која од 26.11.2018 година барале номинација на членови во работна група, од СЕП добиле дури во декември, Министерство за правда пратиле одговор оваа недела, но од МИОА сеуште нема номинирано членови, па поради ова тие не можат да почнат со реализација на мерката. На крајот, Татјана праша дали има методологија за пресметка на трошоци.

Бајдевски и одговори дека има методологија на РеСПА, која може да се искористи, што би значело дека би можеле да се пресметаат трошоците (пример: подготовка на закон, подготовка на прирачник, подготовка и спроведување на обуки), со што би се овозможило олеснување при подготвување на анализите за фискални влијанија од стратегиите и законите.

Јулијана Караи од СЕП во истиот контекст спомена дека има Прирачник за анализа на Acquis , оваа мерка ќе биде опфатена во проект на СЕП со повеќе нордиски земји, но дека до сега не е ништо направено и дека СЕП ќе доцни со реализација на истата.

Билјана Николовска Жагар предложи проектот на СЕП да ја покрие целата мерка 1.2.1 Унапредување на квалитетот на ПВР и на законодавниот процес, која опфаќа стандардизација на задолжителни номотехнички правила во текот на законодавната постапка, односно ревидирање на номотехничките правила, унапредување на квалитетот на ПВР, надградба на ЕНЕР.

Пламен Георгиевски од МЛС праша каква е улогата на државните секретари за координирање на Секретаријатот и Советот за РЈА. Билјана му одговори дека Советот има политичка улога, од седниците на Советот произлегуваат заклучоци, но дека одговорноста за спроведување на заклучоците е на водечките и учесничките институции.

Бајдевски предложи како предточка на седниците на Влада по Годишниот план да се стави Статус на ралиизација на РЈА.

Билјана Николовска Жагар информираше дека во рамките на Приоритетната област 2 - Јавна служба и управување со човечки ресурси, планирано е за февруари/март да се одржат работилници за анализа на примената на ЗАС и ЗВЈС, како и за подготовка на измените кои, согласно Акцискиот план на СРЈА, се предвидени за 2019 година. Притоа, беше потенцирано дека секоја измена на законската регулатива треба да биде поткрепена со докази.

Билјана Николовска Жагар, исто така, укажа дека има доцнење на мерки поврзани со Мрежата за управување со човечки ресурси, заради отсуство на вработените во МИОА, одговорни за овие мерки ( заминување на еден вработен и подолготрајно отсуство на друг вработен, кои биле директно вклучени претходно). Претставникот од АА Миланчо Успрцов предложи да се вклучат сите институции кои се дел од системот за управување со човечки ресурси.

Таа ги извести присутните дека е направено мапирање на институциите, како основа за реорганизација со поддршка на УНДП, а со СИГМА се прават контурите на идната организација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби на државно ниво, што ќе предизвика измена во ЗОРОДУ и во посебните закони. Најави дека ќе следува Информација со предлог нова организациска поставеност на органите на државната управа и други органи и организации од централната власт, која МИОА ќе ја достави до Владата во март оваа година.

Во рамките на мерката за унапредување на имлементација на ЗОУП е реализирано следното: на веб страната на МИОА има посебен линк за информирање и поставување на прашања поврзани со ЗОУП. На тој линк се сите релевантни документи за ЗОУП. Владата, на предлог на МИОА, во февруари усвои Информација за преземање потребни активности за доследна имплементација на начелото за делегирање на надлежноста согласно ЗОУП, со заклучоци за формирање организациски облик или назначување на лице за водење на управна постапка.

Претставничката на МбРТОК Лидија Цветановиќ, во контекст на мерката 3.4.1.3 (Дефинирање на јасни критериуми и изработка на насоки за утврдување на карактерот на информациите, дистинкција и класификација на информациите со цел да се спречи прекумерна класификација на информации. Насоките ќе бидат наменети за сите иматели на информации од јавен карактер.), предлага тие да се изземат како надлежна институција а надлежноста да им припадне на МИОА или МП. Бајдевски заклучи дека треба да се одржи состанок по ова прашање.

По **точката 3** од дневниот ред **Подготовка на Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација**, Александар Бајдевски и даде збор на Билјана Николовска Жагар, која истакна дека СИГМА има подготвено презентација за подготовка на Годишен извештај за имплементаија на СРЈА, низ која се утврдува формата на извештајот преку текст и графици. Таа посочи дека истата ќе биде преведена на македонски јазик и ќе им биде доставена на членовите на Секретаријатот за РЈА.

Заменик министерот на МИОА Бајдевски предложи извештајот да се даде и на граѓанскиот сектор, т.е. јавноста со цел и тие да дадат забелешки и коментари по истиот.

По **точката 4** од дневниот ред **Разно** (**Прашања/предлози)**, заменик министерот Александар Бајдевски го пренесе и даде акцент на барањето од страна на граѓанската организација ФООМ, кои го мониторираат Акцискиот план од СРЈА, за интервју со претставници од Секретаријатот за РЈА. Заменикот министер Бајдевски упати апел до Генерален Секретаријат, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика и Собрание на Република Северна Македонија да бидат интервјуирани од страна на претставник од ФООМ, со цел да можат и тие да дадат свој придонес во спроведувањето на процесот на мониторинг. Мирјанка Алексевска од Министерство за труд и социјална политика, праша по кој основ ќе се бираат претставниците од граѓанскиот сектор за тоа да биде направено на транспарентен начин а заменикот и одговори дека ќе бидат вклучени оние организации кои ја следат имплементацијата на Стратегијата за РЈА.